**BLACKBERRY CLIENT**
**ДОГОВОР ЗА ЛИЦЕНЦА НА СОФТВЕР ЗА КРАЈНИОТ КОРИСНИК**

Овој Client софтвер (" **Client**") е обезбеден од страна на BlackBerry Limited или неговите филијали или партнери ("**BLACKBERRY**"), и е обезбеден само за користење во спрега со здружениот сервисен софтвер Enterprise server software и услугата ("Server **Software**"), кој што заедно со Client и Managed Applications како што се дефинирани подолу (заеднички наречени „**Client Software**") овде се нарекува " **Solution**".

За да го инсталирате, активирате или користите било кој Client Software вие мора или (а): (i) да сте склучите со BLACKBERRY Договор за лиценца за BlackBerry Solution за Solution, вклучително кој било додаток или дополнителни услови кои што се однесуваат на Solution, ( "**BBSLA**") во ваше име; и (ii) ако е потребно за вашиот Solution, да сте купиле и платиле такси, ако има такви, за Client Access License за инсталирање, активирање или користење на таквиот Client Software на вашиот уред; или (б) да бидете овластени да го инсталирате, активирате и користите Client Software во име на вашиот работодател или друго правно лице ("**Лиценцирано лице**") кое што: (i) склучило BBSLA, (ii) ви ги назначило условите за вашето користење на Client Software според BBSLA, (iii) се согласило да биде одговорно за вашето користење на Client Software; и (iv) ако е потребно за Solution на вашето Лиценцирано лице, ги купило и ги платило таксите, ако има такви, за Client Access Licenses за инсталирање, активирање и користење на таквиот Client Software на вашиот уред.

Организацијата може да го користи Solution за да извршува управување со мобилни апликации („**MAM**") со тоа што ви става на располагање апликации што се наменети да функционираат или на приватниот дел и на делот за работен простор на уредот („**Managed Applications**"), вклучувајќи софтверски апликации обезбедени од трета страна. Ваквите апликации се сметаат како Third Party Software според BBSLA. Third Party Software може да содржи дополнителни услови помеѓу вас и вашето Лиценцирано лице и набавувачот на Third Party Software кој што ја регулира неговата употреба. BLACKBERRY не е одговорен за Third Party Software и сите прашања или проблеми во поглед на истиот треба да бидат упатени до набавувачот на Third Party Software.

Организацијата може да го користи Solution за да ги извршува функциите за управување со мобилни уреди („**MDM**") на уредот, вклучувајќи собирање лични податоци. Организацијата е одговорна за собирање, обработка, користење и управување со сите информации собрани со користење на Solution.

Покрај условите кои што се погоре наведени, ако вие го купите било кој Client Software од Apple's iTunes App Store, Вие потврдувате и се согласувате во името на Лиценцираното Лице во чие име сте овластени да го инсталирате, активирате и користите Client Software, или ако не сте овластени на тој начин, вие потврдувате и се согласувате во ваше лично име, дека (i) Apple нема никаква одговорност за таквиот Client Software, вклучително без ограничување на неговиот учинок, одржување и поддршка или за какво било тврдење од трета страна дека ваквиот Client Software ги прекршува правата на интелектуална сопственост на трета страна. Ако Client Software не успее да се повинува на каква било

важечка гаранција, вие можете да го известите Apple, а Apple ќе ви ги врати парите по куповната цена за ваквиот Client Software, ако има таква, и, во најголема мерка дозволена според важечкиот закон, Apple нема да има друга обврска во врска со гаранцијата поврзана со Client Software. ; и (ii) Apple и неговите подружници се корисници на трета страна на овој Договор за софтвер и имаат право (и ќе се смета дека го имаат прифатено правото) да го применат овој Договор за софтвер како корисник на трета страна.

СО ТОА ШТО ЌЕ КЛИКНЕТЕ НА „СЕ СОГЛАСУВАМ“ ПОДОЛУ ИЛИ СО ИНСТАЛИРАЊЕ, АКТИВИРАЊЕ ИЛИ КОРИСТЕЊЕ НА БИЛО КОЈ CLIENT SOFTWARE, ВИЕ: ПОТВРДУВАТЕ ДЕКА СТЕ ГО ПРОЧИТАЛЕ, РАЗБРАЛЕ И СТЕ СОГЛАСНИ ДА СЕ ОБВРЗЕТЕ И ДА ГО ПОЧИТУВАТЕ ОВОЈ ДОГОВОР И ДА МУ ДАДЕТЕ НА ЗНАЕЊЕ НА BLACKBERRY ДЕКА УСЛОВИТЕ (а) ИЛИ( б) ДАДЕНИ ПОГОРЕ СЕ ИСПОЛНЕТИ; **АКО НЕ СТЕ СОГЛАСНИ СО ОВОЈ ДОГОВОР ИЛИ НЕ ГИ ИСПОЛНУВАТЕ УСЛОВИТЕ ДАДЕНИ ПОГОРЕ ВИЕ НЕ МОЖЕТЕ ДА ГО ИНСТАЛИРАТЕ, АКТИВИРАТЕ ИЛИ КОРИСТИТЕ CLIENT SOFTWARE.**